# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВЕТЕРИНАРСКА КОМОРА СРБИЈЕ

**Ветеринарна комора на Република Македонија, Скопје, ул. 16 Македонска бригада бр.2/3**

**Застапувана од претседател д-р Томислав Николовски ( во натамошниот текст ВКМ)**

**и**

**Ветеринарна Комора Србија, булевар Ослобоѓење бр. 18, 11000 Београд Република Србија**

**Застапувана од претседателот д-р Давор Шашиќ, ( во натамошниот текст ВКС)**

На ден 21.09.2017 во Охрид го потпишаа следниот

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

## Преамбула

Интерес на договорените страни е континуиран развој на ветеринарната професија, подигање на дигнитетот на ветеринарната професија, здравјето на животните и на луѓето како и грижа за благосостојбата на животните, со што во земјите потписнички на овој Договор, како и во регионот и во Европа се врши промовирање на лична и социјална благосостојба.

Во имплементацијата на овие активности ВКМ и ВКС (во натамошниот текст Страни), покажуваат желба за соработка во делот на:

ВКМ и ВКС остваруваат соработка по прашања од заеднички интерес на билатерално, регионално, европско и светско ниво;

Страните една на друга ќе обезбедуваат информации што се сметаат за важни за постигнување на заеднички цели, особено оние поврзани со ветеринарната професија, етика и наука.

## Делокруг на соработка

**Прашања поврзани за работа на јавни тела, унапредување на работата, размена на искуства**-Страните ке соработуваат синхронизирано на тие подрачја( по сите прашања каде не се загрозени нивните посебни интереси) во рамките на земји членки на Вишеградската група плус и со трети страни како и со Федерацијата на ветеринари на Европа(ФВЕ) и нејзините секции, како и со Светската Ветеринарна Организација (WVA).

Размена на искуства со корисниците на ветеринарни услуги - Страните ќе се фокусираат на искуството стекнато во област на соработка со локалните, националните и меѓународните организации, тела и институции.

**Соработка во делот на стручно усовршување** - Страните постојано ке се бараат можности за размена на успешни програми за професионален развој и обука на своите членови со предавачи. Страните меѓу себе ќе ги признаваат и прифаќаат бодувањата од континуираната едукација како задолжителна програма за стручно усовршување. Исто така ќе воспостават соработка за спроведување на заеднички програми во делот на континуирано образование, вклучувајќи избор, превод, подготовка за печат и издавање на заедничка стручна ветеринарна литература, со највисок квалитет, со што ќе се овозможи пристап на членството до истите, како и заедничко организирање на конференции, симпозиуми и други собири (workshop, тркалезни маси).

**Соработка помеѓу членовите на двете Комори** - Страните ќе ги потикнуваат своите членови на подигање на квалитетот на ветеринарните услуги, на почитување на правилата на струката и стандарди за квалитет односно воведување на истите со посебен осврт на Добра ветеринарна пракса, Кодексот на етика, стручно усовршување и ИСО стандардите. Страните Како дел од соработката меѓу Страните ќе се работи на организирање на студиски патувања,овозможувајќи им на своите членови од двете Комори да се сретнат, запознаат, воспостават соработка и пријателство и разменат искуства за работните искуства на другата страна.

Организираат собири на кои ќе можат да се разменат искуства помеѓу ветеринарните практичари и стажантите ( новите членови на Комората).

Страните ќе ги истражат можностите за учество во заеднички проекти во различни професионални области.

Страните заедно ќе работат на зачувување на физичкото, менталното и социјалното здравје на своите членови, проценка на ризик од професионални заболувања, како и превентивна заштита на ранливите ветеринарни експерти.

Во рамките на соработката да работат заедно за промовирање на ветеринарната професија во јавноста и медиумите т.е. промоција на ветеринарната професија како водечки авторитет во заштитата на здравјето и благосостојбата на животните, како и заштита на здравјето на луѓето.

**Доверливост**

Страните како дел од соработката се обврзуваат да се придржуваат кон принципите на доверливост и се согласуваат дека важни информации нема да се споделуваат со трети лица, се додека двете страни не се согласат.

Официјална комуникација меѓу странитесе одвива меѓу потписниците на овој договор односно со овластените претставници на договорните страни.

**Траење, продолжување, престанок на Договорот**

Овој Договор се склучува за период од пет години, по што страните одлучуваат за негово продолжување, како и условите за продолжување. Доколку ниту една одстраните во овој Договор нема приговор т.е. нема најавено раскинување на Договорот во период од 60 и 30 дена пред истекување, Договорот автоматски се продолжува за следните 5 години.

Страните може да го раскинат Договорот и пред истекот на рокот, на писмено барање без да даде причина. Во овој случај, договорот престанувана првиот ден од наредниот месец.

**Обврски**

Претставниците на двете страни се должни да работат во насока на исполнување на обврските што произлегуваат од овој Договор.

За активностите предвидени со овој Договор се преговара и решава на ниво на претставници на ВКМ и ВКС.

Страните се согласуваат дека претставници на двете страни најмалку еднаш годишно ќе одржат состанок на кој ќе изготвува годишен план за работа во согласност со постојните капацитети.

21.09.2017, Охрид

**Потписници:**

**Претседател ВКМ**

**д-р Томислав Николовски**

**Претседател ВКС**

**д-р Давор Шашиќ**